ЗАПИСНИК
од 1-та седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС
Скопје, 19 мај, 2026 г.

Присутни: Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, Жарко Ристески, градоначалник на Општина Македонски Брод, Наталија Димитриевска, градоначалничка на Општина Демир Капија, Спасе Кочовски, градоначалник на Општина Вевчани, Дарко Коцевски, секретар на Општина Тетово, Ибрахим Ибрахими, раководител на сектор за правни, административни работи и ЛЕР во Општина Шуто Оризари

Отсутни: Иван Гоцевски, градоначалник на Општина Делчево, Марко Колев, градоначалник на Општина Велес и Александар Георгиевски, градоначалник на Општина Илинден

Седницата на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

**1. Конституирање на членство на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија**

**2. Избор на заменик претседател на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија;**

**3. Разгледување и усвојување на деловник за работа на Комисијата**

**4. Информирање за активности на ЗЕЛС во областа социјална заштита( Мрежа на социјална заштита, е-алатка за социјално мапирање, SPARK проект**

**5. Дефинирање на следни чекори поврзани со лобирање за моделот на децентрализација на ЦСР и целосна децентрализација во социјалната заштита;**

**6. Разно.**

Откако се утврди дека има кворум за работа на првата конститутивна седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија, претстедателот на Комисијата и градоначалник на Општина Гази Баба, Бобан Стефковски ги информираше присутните за одлуката за избор на членовите на Комисијата, донесена на 3-та седница на УО на ЗЕЛС, одржана на 21 април, 2026 година во Охрид. Тој им честиташе на присутните челнови за изборот и посака успешна работа и донесување на важни одлуки од интерес на општините во областа на социјалната заштита. На кратко се осврна на работата на претходниот состав на ова тело, во претходниот мандат каде главен фокус беше ставен на развивање на модел за лобирање за целосна децентрализација на социјалната заштита со фокус на Центрите за социјална заштита.

Во однос на втората точка, по предлог на претседателот, едногласно за потпретстедател на Комисијата беше избран Жарко Ристески, градоначалник на Општина Македонски Брод, како искусен професионалец од оваа област и раководител во Центарот за социјални работи во Македонски Брод.

Деловникот на работа на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС беше претходно испратен до членовите и согласно тоа истите беа информирани за содржината. Со истиот се согласија и донесоа одлука за негово усвојување како акт за работа на ова тело во ЗЕЛС. Со тоа се затвори и третата точка од дневниот ред.

Координаторката на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС, Ирена Николов ги информираше присутните за активностите на ЗЕЛС во областа на социјалната заштита.Таа нагласи дека областа е  една од приоритетните на кои ЗЕЛС е фокусиран во изминатите неколку години, а со засилено темпо ќе продолжи и понатаму се до целосна фискална децентрализација на социјаланата заштита. При тоа спомена дека ова тело за првпат беше формирано во претходниот мандат на градоначалници каде беше покрената иницијативата за продлабочување на процесот на децентрализација во социјалната заштита, што како приоритет беше усвоен и од УО на ЗЕЛС. Затоа, произлегоа и некои конкретни предлози кои го отпочнаа процесот на лобирање и застапување за целосна фискална децентрализација на социјалната заштита со фокус на ЦСР. Таа ја потеницираше важната улога која ја има и Мрежата за социјална заштита при ЗЕЛС, составена од искусни професионалци од администрацијата во општините од областа на социјална заштита, кои даваат голем придонес во развојот на иницијативните, политиките и проектите на ЗЕЛС во областа. Координаторката ги информираше и за новиот проект SPARK од областа, кој претставува продолжение и надоградување на претходните проекти за социјална инклузија и социјални услуги спроведувани од ЗЕЛС во партнерство со НАЛАС и ГИЗ. На кратко, ги информираше и за новата и уникатна е-алатка за социјално мапирање која ќе биде иновативен модел во регионот за социјално мапирање за потребите во општините. ЗЕЛС ќе биде првата земја од регионот која ќе ја пилотира алатката. Истата е развиена со финансиска поддршка на ГИЗ во РСМ, а во која ЗЕЛС преку членки на Мрежата за социјална заштита даде значаен придонес во развивањето и доусовршувањето на прашалниците кои се составен дел од алатката. На крај за оваа точка, таа истакна дека за сите активности, проекти и новитети најнапред ќе биде запознаена Комисијата, а понатаму информациите транспарентно ќе бидат споделени до сите општини преку каналите за комуникација во ЗЕЛС.

За четвртата точка, претседателот Стефковски даде краток преглед на досегашната работа во однос на развојот на моделот за лобирање за децентрализација на ЦСР, при што даде предлог во следниот период да се закаже средба со ресорното министерство за да го разгледаат истиот, а понатаму во соработка со министерството и Комисијата овој модел да се презентира и пред советникот на Премиерот Кристијан Мицковски за социјална политика и труд, проф. Д-р, Лазар Јовевски. По ова сите присутни се согласија и се подготвени сериозно да се посветат на оваа задача. Како заклучок, Комисијата ќе чека од стручната служба од ЗЕЛС да ги исконтактира службите на министерот и заменик министерот во ресорното МСПДМ и да закаже средба во најбрзо време, на која би учествувал и Душан Томшиќ, експертот кој работеше на развој на моделот за децентралицаија. По тоа, моделот кој исто така им беше испратен на членовите на Комисијата по маил, за нивно запознавање, беше презентиран од координаторката на Комисијата.

Под точка разно, претставникот Ибрахими од Општина Шуто Оризари даде предлог во рамките на телата на ЗЕЛС да се актуелира иницијативата за потребата од нов модел за вработување на кадар во градинките, по примерот на образование со што би се решил недостатокот од кадар, како еден од горливите проблеми во сите општини. Претседателот Стефковски објасни дека овој проблем беше разгледуван и на последната седница на УО на ЗЕЛС, при што беше донесен заклучок ова прашање

да се отвори пред МСПДМ на првата средба кога би се презентирал и моделот за децентрализација на ЦСР.

По исцрпување на дневниот ред, претседателот Стефковски ја затвори седницата.

Скопје, 19 мај, 2026 година

Комисија за социјална заштита и

социјална инклузија при ЗЕЛС

Претседател

Бобан Стефковски